

Советот на научно-културните средби „10 дена Крушевска република” реагира на изјавата на Ѓунер Исмаил, член на Советот за култура на СДСМ, дека ќе ги урива споменициите од  националната историја.

- Никола Карев ниту е непријател, ниту случајна личност. Тој е стожерот на Крушевската република која е чедо на македонското револуционерно дело и борбата за слобода. Никола Карев, чиј споменик се најде на листата на оние кои треба да се рушат, во себе го носи најсветлиот идеал на македонскиот народ за самостојност, за слобода - цели кои пред стотина години ги обединиле сите народности кои живееле на овие простори. Зарем да дозволиме нивното дело да биде минирано и заборавено! Крушевската република го носи споменот на сите кои се бореле, и нивното дело е поголемо од оние кои посегнуваат по него, пишува во реакцијата на „10 дена Крушевска република“.

Во дописот до медиумите Советот нагласува дека еден народ е голем онолку колку што си ја почитува својата историја и дека разјадувањето на таа генеза значи поткопување на темелите на кои е изградена и денешната држава.

- Секој споменик одделно и сите градби никнати последниве години заедно, ја јакнат националната гордост правејќи мост помеѓу сегашната генерација и генерации минати, помеѓу стремежот денес и македонската гордост и непокор низ вековите, стои во реакцијата на манифестацијата „10 дена Крушевска република“.